ООУ „СТИВ НАУМОВ “ – БИТОЛА

Програма за процедура за работа со надарени и талентирани ученици во учебната 2023/2024 година

Директор:

Никола Пискачев

_____

ВОВЕД

Денес се повеќе се посветува внимание за сестрано ангажирање во работата со надарените и талентирани ученици,потпомогнато од различни општествени фактории законски подржано од Министерството за образование и наука. Се поголемиот одлив на мозоци е само еден показател на проблемот со надарените ученици.Пионерски обиди се прават и на повидок се некои иницијативи за успешно организирање и работа со надарените ученици се со цел навремено откривање и понатамошна работа со овие ученици. Нашето училиште активно се вклучува во општиот систем за работа со надарени ученици.

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ

Констатацијата која е вовед во скоро сите стручни трудови од оваа област е дека се работи за крајно комплициран и сложен феномен ,за кого ,иако како предмет на интерес е присутен од најстарите епохи на цивилизираниот развој, сеуште не постои еднозначна определба во светски рамки.

Историски гледано уште Платон се занимавал со селектирање, па разликувал,, златни ,сребрени и бронзени луѓе,, рангирајќи ги по супериорниот интелект.

Основна и општо прифатена дефиниција за поимите надареност,талентираност и креативност во светски рамки не постои. Различни научници различно ги дефинирале но сепак ние можеме да се задржиме на неколку од нив.

Надареност – хронолошки гледано надереноста започнала научно да се испитува во 1920 година па се до денес при што се смениле повеќе пристапи во определувањето на овој феномен.Почнувајќи од Термановата дефиниција на надареноста како ,, натпросечна интелегенција,, па се повеќе доближување на надареноста со поимот креативност(Квашчев).Интересни се дефинициите и на руските психолозиТеплов и Зарудина кои под надареност сметаат дека е тоа-квалитативно-целосно сфаќање на способностите од кои зависи можноста за постигање на поголем или помал успех во извршувањето на оваа или онаа дејност,,. Понатаму би ја споменале дефиницијата на Иван Корен која гласи- ***Надареноста е склоп на особини кои му овозможуваат на***

поединецот да на попродуктивен или репродуктивен начин постигнува доследно израсито натпросечен учинок во една или повеќе областина човековата дејност,а условена е со висок степен на развој на поедини способности,односно нивни композиции и поволна внатрешна и внатрешна стимулација.

Талентираност- Голем број на дефиниции талентот го поистоветуваат со надареноста. Исто како и за надареноста,талентот повеќе научници различно го дефинираат.Голем е бројот на на психолози кои под надареност подразбираат општи интелектуални способности ,а талентот би ги опфаќал различните уметнички подрачја(музика, спорт,литература,ликовно творештво идр.) Канадскиот автор **Ф.Гање** многу интересно прави диференцијација помеѓу надареноста и талентот велејќи:,, ***Секој талентиран поединец е надарен ,додека обратниот случај не е задолжителен.т.е. надариениот поединец не е нужно талентиран***,,.

Креативност - Некои автори во дефинирањето на надареноста категорично го нагласуваат поимот креативност сметајќи дека ***креативноста е процес со кој лицето станува свесно за некој проблем,тешкотијаили недостатоци во знаењето,за кои не може да најде научени или познати решенија.Тоа бара можни решенија поставувајќи хипотези,проценува,проверува и ги преиначува своите хипотезии ги соопштува резултатите***.Од друга страна белградскиот психолог М.Милутиновиќдефинира:***Креативен поединец е онај на кој единствениот склоп на црти на личноста му овозможуваво определени околности да создеава нови производи кои имаат пошироко опшествено значење.***

Надарените и талентирани ученици се идентификувани како особено способни за големи постигања (за да ги реализираат своите способности се јавува потреба од диференцирани програми и образовни подготовки кои не се опфатени со редовните планови и програми). Учениците од оваа категорија покажуваат постигања или потенцијална способност за следните области:

1. општа интелектуална способност;
2. специфични способности за одредена област;
3. креативно и продуктивно мислење;
4. специфични способности за одредена уметничка област;
5. психомоторни способности;

Со цел да се идентификуваат надарените ученици кои се вклучени во редовна настава планирано е да се зададат прашалници за проценка на надареноста на родителите, наставниците, соучениците и на самиот ученик. По анализата на податоците планирано е одржување на состаноци со учениците, родителите и стручните

активи за подобро да се запознае видот на надареност и да се определат цели за понатамошна работа со тие ученици

ИНДИВИДУАЛНА ПРОГРАМА
ЗА ПОДДРШКА НА НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024

Р.бр	цели	активности	реализатори	реализација
1	**Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава**	Тестирање за идентификување на надарените ученици. -Прашалник за родителите -Прашалник за наставниците	Психолошко-педагошка служба	Во текот на учебната година
		Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај	Психолошко-педагошка служба	Во текот на учебната година
	Подобро запознавање со видот на надареноста и следење на развојот на надарените ученици	Состаноци со родителите	Психолошко-педагошка служба Класни раководители, наставници	Октомври - мај
	Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа.	Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на слободни ученички активности,како и начинот на водење на додатната настава	Психолошко-педагошка служба	Октомври – Мај
2.	**Следење на развојот на надарените ученици**	Состаноци со наставниците и родителите на надарените ученици	Психолошко-педагошка служба Одговорни наставници за надарените ученици	Октомври

	Поддршка на надарените ученици за акцелерација	тестирање на учениците за креативност и сигурност, годишни тестови на знаење по наставните предмети	Психолошко–педагошка служба Стручни активи Родители Наставници, класни раководители,	Во текот на учебната година
3.	**Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата**	Организирање на додатна настава адаптирана на поставените цели	Предметните наставници	Во текот на учебната година
		Организирање на групна настава адаптирана на потребите на надарените ученици	Предметните наставници	Во текот на учебната година
		Вклучување во воннаставни активности на надарените деца	Психолошко–педагошка служба во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности	Во текот на учебната година
4.	**Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици**	Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештај	Психолошко–педагошка служба Кл. раководител	По класификациони периоди
	Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и	Организирање на индивидуални средби со надарените ученици	Психолошко–педагошка служба Наставник- ментор, ученици, родители	Во текот на учебната година

	предлози за нивното напредување			
5.	**Соработка со локалната заедница**	Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, Општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др	Ученици, предметни наставници, наставници ментори, МОН, БРО и др	Во текот на учебната година